ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 58/2008
Загреб, 05. 04. 2008.

# З А П И С Н И К

од **вонредниот состанок** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **05.04.2008. година** со почеток во **12.25 часот** во просториите на Европскиот покрет, во Хрвојева 1, Сплит.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Ј. Цветичанин – Осиек, Н. Гроздановски – Загреб, Б. Штерјов – Загреб, И. Дуноски – Риека и М. Мајиќ – Задар.

**Отсутни:** Зоран Петровски – Пула.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, Дане Спасевски.

Состанокот го водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на сосотанокот присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни објаснувајќи им ја потребата за овој вонреден состанок поради утврдување на предлог-кандидати за изборното Собрание на Заедницата, го прочита дн. ред за истиот и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Избор на предлог-кандидати за седницата на изборното Собрание на Заедницата;
2. Разно.

**Ад. 1.** По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги усвоија** следните предлог-кандидати:

- за работно претседателство: Живко Силавски, Михаило Давчевски и Никола Гроздановски;
- за верификациска комисија: Орце Ламбевски, Кирил Стоилов и Дане Спасевски;
- за кандидациска комисија: Ивона Дуноски, Крсте Атанасовски и Драган Јакимовски;
- за записничар: Елизабета Петровска;
- за оверуватели на записникот: Орце Ламбевски и Горан Колески;
- за членови на Управниот одбор на Заедницата: Ангел Митревски, Јагода Цветичанин, Никола Гроздановски, Благој Штерјов, Ивона Дуноски, Зоран Петровски и Мирјана Мајиќ;
- за претседател на Заедницата: Ангел Митревски (**со 4 гласа за**);
- за потпреседатели на Заедницата: Никола Гроздановски и Јагода Цветичанин;
- за членови на Надзорниот одбор на Заедницата: Благоја Јовановски.

**Ад. 2.** По оваа точка не се водеше расправа.

**Седницата заврши во 12.45 часот.**

**Записничарка:**

**Дипл.инг. Елизабета Петровска,**
**секретарка на Заедницата**

**Претседател на Заедницата:**

**Дипл.инг. Ангел Митревски**

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ